Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Број 311 1 декември 2022 година

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

декември 2022 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научните области информатика и вештачка интелигенција и системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебник со наслов „Управувачко сметководство“ од проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебник „Управување со финансиски ризици” Од проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Бучава во животна средина” од авторите проф. д-р Марија Хаџи-Николова и проф. д-р Дејан Мираковски, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педагошка комуникација” од проф. д-р Снежана Мирасчиева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Моторички развој во рано детство”од проф. д-р Билјана Попеска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Лабораториски анализи за метаболни нарушувања”, насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 26

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Имунологија” од доц. д-р Сотирија Дувлис, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**ПРЕГЛЕД** на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научниот совет на докторски студии на кампус 2 ........ 35



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИНФОРМАТИКА И ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1502-118/10 од 17.10.2022 година донесена на 218. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика, одржана на 17.10.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *информатика* и *вештачка интелигенција и системи* на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 15.9.2022 година и во предвидениот рок се пријави д-р Светлана Кордумова-Трајанова, насловен доцент на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Светлана Кордумова-Трајанова е родена на 23.3.1986 во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 2004 година се запишува на Природно-математичкиот факултет, студии по применета информатика, област програмско инженерство, поднасока системско инженерство. Во периодот од февруари до ноември 2009 година, д-р Светлана Кордумова-Трајанова работи како практикант во „Philips Electronics“ во Холандија, каде што го работи дипломскиот труд „Head Pose Tracking and Gender Recognition for an Intelligent Shop Window”. Дипломира на 20.11.2009 год. на Природно-математичкиот факултет во Скопје, со што се здобива со звање дипломиран инженер по информатика. Додипломските студии ги завршува со просек 9,30. За време на студиите била демонстратор на Институтот за информатика од ноември 2007 до февруари 2009 год.

Од мај 2010 до септември 2011 година работи како софтверски инженер во „СИВУС“ во Скопје, каде што учествува како ASP.NET програмер за две десктоп апликации, едната за Специјалната болница „Филип II” во Скопје, а другата за „Swisslife Insurance“ во Цирих.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Универзитетот на Амстердам. Од јули 2014 до септември 2014 год. е визитинг истражувач на Универзитетот Колумбија, каде што работи на проектот „Weakly supervised labelling of scene regions”. Во 2016 година успешно ја одбранува докторската теза со наслов „Learning to Search for Images without Annotations” под менторство на C. G. M. Snoek и A. W. M. Smeulders, со што се стекнува со научно звање доктор по компјутерски науки.

Во 2018 година е избрана во звање насловен доцент од страна на Наставно- научниот совет на Факултетот за информатика.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Општи услови за избор:

- Просечен успех - додипломски студии 9,30;
- Научен степен - доктор по компјутерски науки. Во 2016 година ја одбранува докторската теза со наслов „Learning to Search for Images without Annotations“ на Универзитетот во Амстердам, Холандија;
- Претходен избор во звање - со Одлука бр. 1502-54/3 од 19 февруари 2018 година

на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Светлана Кордумова-Трајанова е избрана во звање насловен доцент за областите информатика и вештачка интелигенција и системи на Факултетот за информатика при УГД во Штип;

- Објавени научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание / конференција | Години на излегување на списанието/ зборникот |
|---|---|---|---|---|
| Објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | | | | |
| 1 | S. Kordumova, X. Li, C.G.M. Snoek | Best practices for learning video concept detectors from social media examples | An International Journal Multimedia Tools and Applications 74, 1291–1315, 2015,DOI: 10.1007/s11042-014-2056-5 - **Impact Factor=2.577 (2021**) | Од 1995 г. |
| Објавено во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 (три) земји: | | | | |
| 2 | S. Kordumova, TEJ. Mensink, C.G.M. Snoek | Pooling Objects for Recognizing Scenes without Examples | Proceedings of the 2016 ACM on International Conference on Multimedia Retrieval (ICMR ‘16), 143-150, June 2016, New York, USA | Од 2000 г. |
| 3 | S. Kordumova, J.C. van Gemert, C.G.M. Snoek | Exploring the long tail of social media tags | International Conference on MultiMedia Modeling (MMM 2016), January 2016, Miami, USA, LNCS v. 9516, 51-62. | Од 1993 г. |
| 4 | S Kordumova, C Kofler, DC Koelma, B Huurnink, B Freiburg, J Kleinveld, Manuel van Rijn, Marco van Deursen, Martha Larson, Cees GM Snoek | SocialZap: Catch-up on interesting television fragments discovered from social media | Proceedings of the 2014 ACM on International Conference on Multimedia Retrieval (ICMR ‘14), 538-540, April, 2014, Glasgow, United Kingdom | Од 2000 г. |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – C2 за познавање на англиски јазик;
- Способност за изведување на високообразовна дејност – Д-р Светлана Кордумова-Трајанова има 5-годишна академска кариера, со избор во звање наставен доцент и до сега била ментор на неколку дипломски трудови.

Посебни услови:

- Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати – Од јули 2014 до септември 2014 год. е визитинг истражувач на Универзитетот Колумбија, каде што работи на проектот

„Weakly supervised labelling of scene regions". Д-р Светлана Кордумова-Трајанова во 2016 година добива награда за најдобар научен труд на престижната конференција ACM International Conference on Multimedia Retrieval, New York, USA. Има добиено и награда за најдобар пристап на работилницата TRECVID 2013 во Gaithersburg, Maryland USA;

- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – До сега има соработувано со повеќето соработници од Факултетот во спроведувањето на наставата и вежбите.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Со Одлука бр. 1502-54/3 од 19 февруари 2018 година е избрана за насловен доцент по наставно-научните области информатика и вештачка интелигенција и системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

До сега кандидатката учествувала во наставата на прв циклус на Факултет за информатика со следниве предмети: Веб сервиси и XML и Облак технологии.

Нејзиниот научен интерес е од областа на вештачката интелигенција и машинското учење, со примена кај видеа и слики.

**I. Трудови објавени во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на конкурсот за избор:**

i. Објавени во научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.

1. Kordumova, Svetlana, Xirong Li, and Cees GM Snoek. "Best practices for learning video concept detectors from social media examples". *Multimedia Tools and Applications* 74, no. 4 (2015): 1291-1315. (Impact Factor 2.577)

- Трудот претставува систематска и емпириска студија која разгледува пристапи за учење на ефективни видеодетектори. Авторите тврдат дека клучно прашање кое е од суштинско значење е како да се учат ефективните видеодетектори преку примери од социјалните медиуми. Спроведена е експериментална студија со помош на видео пребарувач кој е способен за учење на концепти од примери од социјалните медиуми.

ii. Објавено во книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја-членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:

1. Kordumova, Svetlana, Jan van Gemert, and Cees GM Snoek. "Exploring the long tail of social media tags." In International Conference on Multimedia Modeling, LNCS 9516, pp. 51-62. Springer, Cham, 2016.

- Трудот го разгледува ефектот на поретко употребуваните социјални ознаки врз преземањето на мултимедијалните сценарија. Авторите истражуваат како социјалните ознаки формираат долга редица и како тие се извршуваат на две мултимедијални сценарија, релевантност на ознаки и учење на детектори. Авторите ги покажуваат значајните ознаки во рамките на долгата редица и со нивно зголемување со семантичко знаење, перформансите на означувањето на ознаките и учењето на детекторите значително се подобруваат.

iii. Објавено во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 (три) земји:

3. Snoek, C. G. M., K. E. A. Van De Sande, D. Fontijne, A. Habibian, M. Jain, S. Kordumova, Z. Li et al. "MediaMill at TRECVID 2013: Searching concepts, objects, instances and events in video." In NIST TRECVID Workshop. 2013.

- Во трудот се сумираат резултатите од експериментите на видео ретрајвал од TRECVID 2014. Авторите вршат експерименти за откривање на концепти преку методите за длабочинско учење, локализација на објекти со користење на FLAIR,

препознавање на настани со користење на VideoStory, и опишување на настани со користење на COSTA.

4. Kordumova, Svetlana, Xirong Li, and Cees GM Snoek. “Evaluating sources and strategies for learning video concepts from social media.” In Content-Based Multimedia Indexing (CBMI), 2013 11th International Workshop on, pp. 91-96. IEEE, 2013.

- Во трудот се разгледува кои извори за визуелно означување се најпогодни за селекција на позитивни примероци и кои стратегии треба да се користат при селекцијата на позитивни примероци од означените извори. Изведена е експериментална студија со помош на видео пребарувач кое способен да учи концепти од социјални медиуми, било да се слики или видеа.

5. Kordumova, Svetlana, Thomas Mensink, and Cees GM Snoek. «Pooling objects for recognizing scenes without examples». In Proceedings of the 2016 ACM on international conference on multimedia retrieval, pp. 143-150. ACM, 2016.

- Во трудот е предложен пристап за препознавање на сцени во слики, без употреба на сценски слики како податоци за обука. За управување на трансферот помеѓу објектите и сцените се користи семантичко вградување со помош на голем социјален мултимедијален опус.

6. Kordumova, Svetlana, Christoph Kofler, Dennis C. Koelma, Bouke Huurnink, Bauke Freiburg, Joris Kleinveld, Manuel van Rijn, Marco van Deursen, Martha Larson, and Cees GM Snoek. «SocialZap: Catch-up on interesting television fragments discovered from social media.» In Proceedings of International Conference on Multimedia Retrieval, p. 538. ACM, 2014.

- Во трудот е опишан SocialZAP, мултимедиска машина за пребарување со која се пронаоѓаат најинтересните фрагменти од телевизиски преноси. Главната новина на SocialZap е целосно автоматскиот пренос на интересот на гледачите од текстуални постови до визуелниот канал, без потреба од дополнителни напори во процесот. Со SocialZap интересот на гледачот кој е прикажан на Twitter се префрла во визуелниот канал како zap точка. Системот обезбедува лесен начин на пребарување низ zap-точките на телевизиското емитување, додавајќи нова социјална димензија.

7. Snoek C.G.M., Sande K.E.A, Habiban. A. Svetlana Kordumova et al (2012). “The MediaMill TRECVID 2012 Semantic Video Search Engine”.

- Во трудот се истражуваат методи за семантичко индексирање на концепти во видео. Се избегнуваат мануелно анотирани концепти на одредени делови во видео и се користат слики со тагови од социјалните мрежи и нивно филтрирање за подобро машинско учење на концептите.

Исто така, во изборниот период била и рецензент на научни трудови во следниве списанија со импакт фактор:

8. IEEE Transactions on Multimedia;
9. Multimedia Tools and Application;
10. IEEE MultiMedia.

Била визитинг истражувач, и тоа на:

11. Универзитетот Колумбија, САД, од јули 2014 до септември 2014 г.

Таа е активен член на ACM SIGMM и ASCI, а била и демо член на Одборот на:

12. International Conference on MultiMedia Modeling (MMM 2016), January 2016, Miami, USA.

Добитник е на следниве награди:

13. Награда за најдобар научен труд на престижната конференција ACM International Conference on Multimedia Retrieval, New York, USA, 2016;
14. Награда top performer во задача за семантичко индексирање на видеа без анотација на NIST TRECVID, Гајтерсбург, САД.

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Во изборниот период, д-р Светлана Кордумова-Трајанова ги има реализирано следниве стручни и организациско-развојни активности.

Има учествувано во следниве национални и меѓународни проекти:

15. Проект „Weakly supervised labelling of scene regions".

Технички се унапредила со учество на три бенчмарк тестирања:

16. ImageNET Large Scale Visual Recognition Challenge 2015;
17. TRECVID-TREC Video Retrieval Evaluation 2013;
18. TRECVID-TREC Video Retrieval Evaluation 2012.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација што ѝ беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Светлана Кордумова-Трајанова, насловен доцент.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Светлана Кордумова-Трајанова не ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен вонреден професор, а ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување. Таа има позитивни научноистражувачки резултати и извонреден придонес од областа на вештачката интелигенција и машинското учење со примена на видеа и слики, за што е добитник и на две награди, а дел од научните трудови, чиј автор е кандидатот, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **да го потврди изборот на кандидатката д-р Светлана Кордумова-Трајанова во досегашното звање насловен доцент** за научните области информатика и вештачка интелигенција и системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Цвета Мартиновска-Банде, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Александра Милева, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Сашо Коцески, редовен професор, член, с.р.**

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | **Избор во звање насловен доцент** | | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 2 | **Научен труд објавен во списание со ИФ** (1) | | 1 | | 15 | **15** |
| 3 | **Дел од монографија или научна книга (2)** | | 1 | | 10 | **10** |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (3-7)** | | | 5 | 3 | **15** |
| 5 | **Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал (**12) | | | 1 | 2 | **2** |
| 6 | **Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди (**13-14) | | | 2 | 10 | **20** |
| 7 | **Студиски престој во странство (11)** | | | | | **8** |
| 8 | **Рецензент на научен труд** (СЦИ/ЦА/останати) (8-10) | | | 3 | 2 | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **76** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 6 | **Учесник во научен проект** (максимум во три проекти) (16) | | | 1 | 3 | **3** |
| 7 | **Техничко унапредување (16-18)** | | | 3 | 2 | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **9** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **115** |

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „УПРАВУВАЧКО СМЕТКОВОДСТВО“ ОД ПРОФ. Д-Р БЛАГИЦА КОЛЕВА И ПРОФ. Д-Р ОЛИВЕРАЃОРГИЕВА-ТРАЈКОВСКА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-127/5 од 15.11.2022 г., донесена на 227. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 14.11.2022 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Биљана Ангелова, редовен професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
– д-р Јанка Димитрова, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија за приложениот ракопис (учебник), со наслов „Управувачко сметководство“ од авторките проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет, како и за останати единици на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Управувачко сметководство” од авторките проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска детално го разработува управувачкото сметководство како алатка која му помага на менаџментот во остварување на поставените цели на компанијата. Имено, при донесување одлуки менаџментот ги комбинира информациите за трошоците кои ги прави компанијата со останати информации, вклучувајќи и лична проценка за деловните активности и нивните нефинансиски ефекти. Учебникот е наменет за изучување на предметот Управувачко сметководство од страна на студентите на сите насоки на прв циклус студии (Сметководство и ревизија, Бизнис економија, Финансии, Менаџмент и претприемништво и Маркетинг менаџмент), како и за предметот Менаџерско сметководство, за студентите на втор циклус студии.

**Податоци за обем на ракописот:** Учебникот содржи 303 страници, кои содржат теоретска разработка на управувачкото сметководство и неговото значење во управувањето со работењето на компаниите во правец на остварување на дефинираните цели, пред сѐ преку управување и контрола на трошоците, како и практични примери и пресметки кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа значајна и динамична проблематика. На крајот на учебникот се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на управувачкото сметководство, како и задачи за вежби, кои им овозможуваат на студентите подготовка за колоквиуми и испит. Трудот е пишуван во А4 формат, со единичен проред, со употреба на фонт Arial, големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаење за целите, задачите и улогата на управувачкото сметководство, изготвување на калкулации, осознавање на методите за пресметка на трошоците на учиноците и примена на сите овие информации во донесување на ефикасни деловни одлуки.

Сметаме дека учебникот се одликува со големо теоретско и практично значење, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика, т.е. кои се инволвирани во процесот на примена на информациите за трошоците во деловното одлучување.

**Краток опис на содржината на ракописот:** Содржински, трудот е конципиран во 7 поглавја, за кои следи кратка презентација на целите и структурата.

Првата глава е посветена на основите на управувачкото сметководство: поим, содржина и улога во компаниите. Во овој дел се обработува улогата на управувачкото сметководство како дел од сметководствениот информациски систем; компарација на карактеристиките на финансиското и управувачкото сметководство; улогата на управувачкото сметководство во процесот на одлучување.

Втората глава од учебникот се однесува на пресметката на трошоците на учиноците. Овде се обработуваат: суштината и предметот на пресметката на учиноците; поставеноста на системот за пресметка на трошоците во организациската структура на компаниите; носители на трошоци и места на трошоци.

Третата глава ја опфаќа класификацијата на трошоците, тргнувајќи од различни критериуми. Во овој дел анализирана е и разликата помеѓу поимите: трошок, издаток и расход.

Четвртата глава ја обработува алокацијата (распределбата на трошоците). Во овој контекст анализирани се: алокацијата на трошоците по трошочни објекти; методите за алокација на трошоците на трошочни објекти; пресметка и алокација на општите трошоци; погонски и пресметковен лист.

Петтата глава е посветена на калкулацијата на цената на чинење на учиноците. Детално се обработени дивизионата калкулација на цената на чинење и дополнителната калкулација на цената на чинење.

Во шестата глава се обработени методите за пресметка на трошоците: метода на пресметка по реални трошоци; метода на пресметка по плански трошоци; метода на пресметка врз основа на активностите.

Во последната*, седма глава*, се анализира сметководственото планирање и анализа во функција на сметководството на одговорноста.

Низ целата содржина на учебникот се содржани и вежби (со решенија), кои се наменети за студентите и истите може да ги искористат при нивната подготовка за испит.

Преку презентираниот начин на обработка на управувачкото сметководство, разработен во наведените 7 глави, сметаме дека е постигната главната цел на авторите – да им помогнат на студентите да ги разберат целите и задачите на управувачкото сметководство и начинот на кој сметководството на трошоците се користи во управување со ефикасноста на работењето на компаниите.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следново

**М И С Л Е Њ Е**

Учебникот „Управувачко сметководство" од авторките проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со управувачкото сметководство и неговото значење за ефикасното деловно одлучување во компаниите. Авторките презентираат успешна комбинација на теоретскиот и практичниот аспект на проблематиката, со цел предметната материја да се доближи до студентите и да им се помогне да научат како оваа комплексна проблематика да ја применат во практичната работа. Се надеваме дека студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа во делот на управувачкото сметководство.

Ефикасното управување со трошоците, преку нивна правилна идентификација и контрола, има пресудна улога во зголемување на профитабилноста на работењето на компаниите. Оттука, сметаме дека учебникот ќе даде значителен придонес во збогатување

на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на техниките на управување со трошоците и примена на информациите поврзани со трошоците во донесување на различни деловни одлуки. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да му предложиме учебникот со наслов „Управувачко сметководство” од авторките проф. д-р Благица Колева и проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска и да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Биљана Ангелова, редовен професор, с.р.**
**Д-р Јанка Димитрова, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИК „УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ” ОД ПРОФ. Д-Р ВЕСНА ГЕОРГИЕВА-СВРТИНОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-127/4 од 15.11.2022 година, донесена на 227. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 14.11.2022 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– д-р Стеван Габер, вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија за приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Управување со финансиски ризици“* од авторката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет, како и за останати единици на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Учебникот „Управување со финансиски ризици” од авторката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов претставува заокружена целина на материјалот поврзан со управување со различните видови ризици со кои се соочуваат финансиските и нефинансиските компании.

Изучувањето на оваа проблематика е од големо значење за сите деловни субјекти. Целта на книгата е да се идентификуваат одделните видови на ризици со кои компаниите можат да се соочат и да се разгледаат можните начини кои им стојат на располагање на менаџерите за нивно ублажување или елиминирање. Учебникот е наменет за изучување на предметот Управување со финансиски ризици од страна на студентите на следниве насоки на прв циклус студии: Менаџмент и маркетинг (петти семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1); Бизнис економија (седми семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1); Сметководство и ревизија (петти семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1); Финансии (седми семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2).

Податоци за обемот на ракописот: Учебникот содржи 130 страници, кои содржат теоретска разработка на финансиските и нефинансиските ризици: ликвидносниот, кредитниот, девизниот, каматниот, потоа ризикот од промена на цените на суровините и набавната вредност на трговските стоки, ризикот од промена на цените на акциите, како и нефинансиските ризици: оперативниот ризик, правниот ризик, ризикот на земјата или политичкиот ризик. Исто така, книгата изобилува со бројни практични примери, илустрации и вежби, кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа значајна и динамична проблематика. Трудот е пишуван во А4 формат, со единичен проред, со употреба на фонт Arial, големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало, кое од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаење за видовите ризици на кои компаниите

секојдневно се изложени, како и техниките со кои тие се менаџираат. Бројни примери од секојдневието кои се разработени во учебникот го потврдуваат значењето на оваа економска проблематика во секојдневниот живот и поради тоа сметаме дека изучувањето на оваа дисциплина секојдневно станува повеќе од потребна.

Сметаме дека овој учебник се одликува со големо теоретско и практично значење, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес од оваа проблематика, т.е. кои се веќе вработени во различни финансиски и нефинансиски компании.

Краток опис на содржината**:** Содржински, трудот е конципиран во 3 поглавја, за кои следи кратка презентација на нивните цели и структура.

*Во* првото поглавје најпрво се објаснува поимот ризик, а посебно се посветува значење на финансиските ризици, бидејќи тие се најбројни ризици со кои можат да се соочат финансиските и нефинансиските институции. Финансиските ризици се јавуваат поради безброј трансакции од финансиска природа, вклучувајќи продажба и купување, инвестиции и заеми и разни други деловни активности. Тие може да настанат како резултат на правни трансакции, нови проекти, спојувања и преземања, финансирање со долг, понатаму поради енергетската компонента на трошоците или преку активностите на менаџментот, засегнатите страни, конкурентите, странските влади, временските услови и сл.

*Потоа се идентификуваат и разграничуваат одделните видови на ризици со кои компаниите можат да се соочат.*

Најпрво се дефинира и објаснува ликвидносниот ризик, кој е поврзан со можноста, односно опасноста компанијата во некој иден момент да не биде во состојба, односно да нема доволно ликвидни средства да ги намири доспеаните обврски кон своите комитенти. Во рамките на овој дел посебно се истакнува значењето на ликвидносниот ризик кај банките, кои како најголеми финансиски институции се особено ранливи на овој вид на ризик, затоа што и најмали проблеми со ликвидноста и најмала можност да не може да ги исплатат средствата на некој од депонентите, создава можност од нагло губење на довербата во банката. Во овој дел се зборува и за тоа што претставува оптималната ликвидност и како се постигнува балансирање на ризиците и приносите.

Во првото поглавје се зборува и за кредитниот ризик или ризикот од другата страна на договорот, кој подразбира ризик од непочитување на обврските, односно условите во договорот од едната договорна страна. Притоа, се истакнува разликата меѓу ризикот од неисполнување на финансиски обврски и ризикот од неисполнување на нефинансиски обврски. Особено се посветува внимание на кредитниот ризик со кој се соочуваат банките, а кој претставува ризик дека ентитетот нема да може да ги наплатува побарувањата заради несолвентност на должникот, односно заемопримачот не може и/или не сака да ја плати каматата на заемот и/или да ја отплати главницата и какви се последици овој ризик може да предизвика.

Во делот во кој се зборува за каматниот ризик најпрво се објаснува значењето на каматните стапки и кривата на принос. Потоа се прави дистинкција меѓу фиксни и варијабилни каматни стапки и како тие влијаат на приходите и на трошоците на компанијата. Ризикот од каматната стапка е ризик дека флуктуациите на каматните стапки водат до зголемени трошоци или намален приход за организацијата. Всушност, промените на каматните стапки ги изложуваат компаниите на каматен ризик, при што нивните добивки стануваат несигурни и зависни од движењето на каматните стапки.

Понатаму, посебен дел е посветен на девизниот ризик, кој е ризик по заработувачката или капиталот, што произлегува од флуктуација на девизните курсеви. Овој ризик, всушност, се јавува секогаш кога организациите извршуваат деловни трансакции, кои се во валута различна од националната валута, односно кога пласманите или остварените приходи се во една валута, а изворите или обврските се во друга валута. Исто така, преку практични примери се анализира влијанието кое апрецијацијата и депрецијацијата на валутите го имаат врз компаниите кои треба да платат или наплатат во таа валута.

Како следен ризик кој се анализира е ризикот од промени на цените на суровините или стоките, ризик дека компаниите ќе бидат негативно засегнати од флуктуации на цените на суровините доколку станува збор за производствено претпријатие или трговските

стоки доколку станува збор за трговско претпријатие. И во овој дел се дадени практични примери преку кои се анализира колкави загуби можат да се претрпат доколку се случат промени во цените на суровините или стоките.

Како еден вид на пазарен ризик кој се анализира во овој дел е и ризикот од промена на цените на акциите и во негови рамки пазарниот ризик, секторскиот специфичен ризик, специфичниот ризик за акции, временскиот ризик, ризикот од девизен курс и геополитичкиот ризик.

Покрај финансиските ризици во ова поглавје се анализира и оперативниот ризик и останати нефинансиски ризици. Оперативниот ризик спаѓа во групата на нефинансиски ризици кои настануваат во деловниот процес, како резултат на направени грешки од страна на вработените, неадекватни процедури, несоодветна контрола, но и бројни екстерни фактори, како криминал, природни катастрофи и сл.

Второто поглавје од учебникот е посветено на техниките со кои се управува со одделните видови на ризици. Најпрво се зборува за диверзификацијата, како метод кој генерално може да се користи за справување со сите видови на ризици. Всушност, организациите може да го намалат ризикот со помош на негова диверзификација. Потоа се анализираат податоците од финансиските извештаи на претпријатијата, кои се важен извор за проценка на изложеноста на претпријатието на ризици. Притоа се оценуваат: индикаторите на ликвидност, индикаторите на задолженост и индикаторите на профитабилност.

Во продолжение на оваа глава се анализираат начините кои се користат за управување со сите видови на ризици кои одделно се објаснети во првото поглавје. Преку практични примери се објаснува значењето на вишокот на резерви за справување со ризикот од ликвидност, како и принципите за управување со ликвидноста кои ги предлага Базелскиот комитет за банкарска супервизија.

Управувањето со кредитниот ризик е разгледано на ниво на финансиските институции, бидејќи овие институции се најзасегнати од овој вид на ризик. Исто така, опфатени се компонентите и чекорите во процесот на управување со кредитниот ризик, како и опциите кои банките ги имаат на располагање за да се заштитат од ваквиот ризик: кредитната анализа, диверзификацијата на кредитното портфолио, како и кредитните деривати. Покрај тоа, се разгледува и начинот на кој се управува со потребното ниво на капитал и Базелски стандарди за адекватност на капиталот.

**Во оваа глава преку практични примери се прикажани** начините кои се користат за намалување на каматниот ризик: промените во плановите за плаќање, менаџирањето со средствата и обврските, каматните свопови, терминските договори за каматната стапка и каматните опции.

Исто така, во овој дел има и многу практични примери, илустрации и вежби кои се однесуваат на менаџирањето со девизниот ризик, како: *заштита од девизен ризик со помош на термински договори*, валутни фјучерси, опции; потоа намалување на девизниот ризик со помош на: девизниот колар, *префрлување и поделба на ризикот*, *како и можностите за нефинансиско менаџирање со овој вид на ризик*.

Во продолжение се разгледуваат техниките кои им стојат на располагање на компаниите за управување со ризик од промена на цените на суровините и на акциите, пред сè диверзификацијата и финансиските деривати.

На крајот од овој дел се прикажани техники за управување со оперативниот ризик, како еден вид на нефинансиски ризик.

*Во* третото поглавје се врши мерење на одделните видови на ризици. Притоа се објаснети квалитативните и квантитативните алатки со помош на кои може да се изврши мерењето на ризиците. Преку бројни практични примери прикажани се математички и статистички модели, кои се корисни алатки во процесот на одлучување, но и се неопходни за мерење на средствата, долговите и капиталот на компаниите. Обидите за мерење на ризикот вклучуваат проценка на веројатноста на појава на неповолен настан и нејзиното потенцијално влијание врз компанијата. Проценките на нестабилност обично се пресметуваат со употреба на: ранг, варијанса или стандардно отстапување (стандардна девијација) околу средната вредност, како и преку очекуваната вредност.

Во рамките на ова поглавје се објаснува значењето на поврзаноста на варијаблите и како тоа влијае на ризичната изложеност на компанијата преку коваријансата како мерка на линеарна поврзаност меѓу варијаблите, како и коефициентите на корелација, кои ја изразуваат јачината и насока на врската меѓу две поврзани варијабли и зошто е битно да се чуваат средства кои се обратно т.е. негативно корелирани.

Преку презентираниот начин на обработка на одделните глави од учебникот сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите, а и на оние кои се вработени во различни финансиски и нефинансиски компании да можат полесно да направат проценка и да идентификуваат на кои се ризици е изложена нивната компанија, но и кои се техники и можности им стојат на располагање за да управуваат со истите, со цел да го намалат нивното негативно влијание врз идниот приход или заработка на компанијата.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „Управување со финансиски ризици" од авторката проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со начините и техниките за управување со ризиците со кои компаниите се соочуваат. Авторот презентира успешна комбинација на теоретскиот и на практичиот аспект на проблематиката, со цел предметната материја да се доближи до студентите и да им се помогне да научат како оваа комплексна проблематика да ја применат во практичната работа. Се надеваме дека студентите ќе стекнат соодветни знаења, кои понатаму ќе можат да ги применат, како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа.

Оваа дисциплина ќе им помогне на студентите кои во иднина би се вработиле во комерцијалните банки и во други финансиски институции, како и во нефинансиски компании. Исто така, учебникот е од корист и за пошироката стручна јавност за подобро да ги разберат ризиците со кои секојдневно се соочуваат. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да му предложиме учебникот со наслов „Управување со финансиски ризици" од проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Стеван Габер, вонреден професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „БУЧАВА ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ХАЏИ-НИКОЛОВА И ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МИРАКОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-233/13 од 1.11.2022 година, донесена на 44. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на ден 31.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Виктор Гаврилоски, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје,
- д-р Златко Петрески, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „БУЧАВА ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА” од проф. д-р Марија Хаџи-Николова и проф. д-р Дејан Мираковски**,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис со наслов „Бучава во животна средина“ целосно ја покрива Наставната програма по предметот Бучава во животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“. Предметот за којшто е наменет учебникот се слуша во трета година во петти семестар на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина на Факултет за природни и технички науки, со неделен фонд на часови 3+2+2.

Ракописот овозможува запознавање на студентите со изворите на бучава во животната средина и нејзиното влијание врз здравјето на луѓето, имајќи го предвид фактот дека во последните неколку децении бучавата има сè поголемо влијание врз квалитетот на живеење, како резултат на несоодветната, непланска урбанизација, интензивирање на копнениот и воздушниот сообраќај, употреба на застарени моторни возила и др. Голем број истражувања и мониторинг студии во последните децении укажуваат на бучавата како на загадување на животната средина, кое претставува вистинска закана за здравјето на луѓето и квалитетот на живеење. Имајќи го предвид ова во учебникот е даден преглед на основните мерки за намалување на нивото на бучава во животната средина односно, рамковната политика за контрола и управување на бучавата во урбани средини.

Материјалот е изложен прегледно и концизно, со низа слики и табели што овозможува полесно да се разбере и усвои од страна на студентите.

Текстот кој е напишан на 116 страници, систематизиран е во 8 поглавја и содржи 77 слики и 26 табели.

Во воведното поглавје е даден кус осврт за проблемот на загадување на животната средина со бучава.

Второто поглавје се однесува на теоретските основи на акустиката и дефинирање на параметрите и појавите.

Детален осврт на бучавата, нејзините параметри, начините на простирање и влијанието врз човекот се дадени во третото поглавје.

Поглавјето четири се однесува на нормирањето на бучавата, како и критериумите за нејзина процена.

Во петтото поглавје од ракописот авторите се осврнуваат на мониторингот на бучавата и основните принципи на мерење. Рамковната политика за контрола и управување на бучавата во урбана/животна средина, нејзината примена и превенцијата на негативното влијание на бучавата се разгледувани во шестото поглавје.

Во седмото поглавје се објаснети мерките за контрола на бучавата во животната средина, со посебен осврт на бучавата од патниот сообраќај. Исто така, даден е табеларен приказ на барањата што треба да ги исполнуваат звучните бариери.

Во последното поглавје се дадени мерките за внатрешна акустична изолација на просториите. Особено внимание е посветено на материјалите што се користат, нивните карактеристики како звучни изолатори, како и различните конструктивни решенија на остварување на звучната изолација.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на гореизнесеното, со особена чест и задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го прифати ракописот „Бучава во животна средина**" од автор**ите проф. д-р Марија Хаџи-Николова и проф. д-р Дејан Мираковски**, како** рецензиран учебник по истоимениот предмет.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Виктор Гаврилоски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Златко Петрески, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПЕДАГОШКА КОМУНИКАЦИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА МИРАСЧИЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1602-131/12 од 4.11.2022 г., на 77. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки факултет, одржана на 4.11.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ПЕДАГОШКА КОМУНИКАЦИЈА”** од авторката **проф. д-р Снежана Мирасчиева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Педагошка комуникација“, рецензиран учебник од проф. д-р Снежана Мирасчиева, е пишуван согласно со Наставниот план и програма за предметот Педагошка комуникација. Наведениот предмет се изучува како изборен предмет на студиите од прв циклус, на студиските програми: Предучилишно воспитание, Одделенска настава, Историја - наставна насока и Педагогија, на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во трета година, петти семестар, т.е. четврта година, осми семестар, со неделен фонд на часови 2+1+1. Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма и со него е опфатена наставната материја за студиските програми за кои е и наменет. Авторката преку овој ракопис предложен како рецензиран учебник умешно ги обликувала наставните содржини, изготвувајќи материјал со кој во целост се исполнети очекуваните барања на предметните програми кои студентите од Факултетот за образовни науки ги апсолвираат.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на учебникот „Педагошка комуникација“ е претставена на вкупно 95 страници во А4 формат, пишувана на македонски јазик, со проред 1, со употребен фонт на букви Arial и големина на букви 11, поткрепен со слики кои ќе помогнат во доближување и поедноставување на материјата до студентите, како и со соодветни прилози во функција на дообјаснување на содржината, предлог насоки/идеи за понатамошни истражувања во областа педагошка комуникација. Структурирана е во два дела, во чии рамки детално се разработени комплексните прашања од оваа област, литература од 221 релевантен извор и соодветни прилози. Ракописот е напишан на А4, согласно со упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма. Обемот на содржината на учебникот ги задоволува критериумите според број на часови предвидени за истоимениот предмет согласно со студиските програми и истиот е во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** И покрај постоење на ракопис со истоимениот наслов во домашната литература, наведениот ракопис е пишуван на оригинален начин, со целосен опфат на комплексниот проблем, систематски дизајниран, ракопис пишуван со почитување на познатото правило од поедноставно кон посложено,

ракопис кој води кон постапност и систематичност во осознавање, усвојување на предложената наставна материја, усогласена со конкретната наставна програма наменета за сегашните и идни студенти на предложените студиски програми на Факултетот за образовни науки, вклучително и студенти од други наставнички факултети, креаторите на образовната политика, лица поддржувачи, вљубеници во наставничката професија.

Во учебникот се содржани научните сознанија до кои авторката дошла благодарение на својата плодна повеќегодишна научноистражувачка дејност во конкретната област, проучувајќи и консултирајќи обемна странска и домашна литература. Учебникот е оригинално авторско дело, сублимат на солидното познавање на изложената материја, учебник кој е во согласност со новите текови во современите педагошки, дидактички и методски дисциплини и истиот ќе даде значаен придонес во збогатување на научната литература во нашата и пошироката академска средина, во соседството, пошироко.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е наменет за студентите на Факултет за образовни науки, но и за студентите од другите наставнички факултети, постојниот наставнички кадар, како и за сите љубители на учителската професија. Како ракопис има значајно место и улога во оспособување на учителскиот кадар за успешно организирање и реализирање на комуникацискиот процес на повеќе релации, нивоа не само во институционалните форми градинки, училишта, универзитети, но и пошироко.

Напишан е на јасен, едноставен, разбирлив македонски јазик. Придржувајќи се до принципот на системност и постапност, логичност во изнесувањето на размислите за комплексните прашања и проблеми поврзани со феноменот комуникација, педагошка комуникација, базирани на длабинско и сеопфатно проучување на овие феномени, авторката упатува на потребата од примена на сознајно структуралната анализа од страна на консументите која пак би водела до трајни знаења за елаборираниот проблем.

Концепциски и содржински, текстот во учебникот е структуриран во два дела, прв дел насловен како *Комуникацијата како феномен*, структуриран од неколку поглавја, како и втор дел насловен *Педагошка комуникација,* исто така елабориран низ повеќе потпоглавја.

Во **првиот дел** авторката на еден систематичен начин, постапно нѐ води од идентификацијата на овој феномен „комуникација“, феномен кој се проучува од различни аспекти низ различни науки, феномен за кој се говори уште од древни времиња па сѐ до денес, ќе се говори, проучува и во иднина; ја истакнува неговата комплексност, неговото значење, користејќи го дедуктивниот пристап, од истакнување на нејзиното значење воопшто за човековото битисување „комуникацијата се проткајува во секоја компонента од човековото битисување“, таа е „патување кое ги поврзува минатото, сегашноста и иднината“, таа е „процес испреплетен во сопствената содржинска мрежа“, двигател на процесот на индивидуализација и социјализација, па до истакнување на нејзиното значење и улога во воспитно-образовниот процес, т.е. комуникацијата како „процес во кој се создаваат значења меѓу две или повеќе личности, се воспоставува комуникациски однос чија тежа е пренос на генерализирани знаења, искуства и вредности на младите генерации“, т.е. обезбедување на натамошен континуитет и развој на општеството, па сѐ до истакнување на значењето на *комуникациската парадигма* во воспитанието во најширока смисла на зборот, кое упатува на проучување на воспитанието како интеракција и комуникација на релативно слободни учесници.

Во второто потпоглавје насловено *Теориски основи на комуникацијата*, авторката со изразен научен пристап ги елаборира различните теории, теории кои меѓусебно се испреплетени, тешко можат да се одделат, да се востановат рески граници помеѓу нив (социокултурната, кибернетската, психолошките, дидактичките), истакнувајќи ги размислите на нивните истакнати претставници за комуникацијата, теории кои се база за втемелувањето, развојот на педагошката комуникација.

*Поимот и структура на комуникацијата* е насловот на третото потпоглавје во кое авторот постапно нѐ води низ лепезата на определби на овој поим, анализирани, компарирани од различни извори, се до истакнување на сопствена определба т.е. „динамичен процес на проток на дејствија и специфична форма на социјална интеракција”, како и примена на синонимот на овој поим-општење.

Авторката умешно, детално ја објаснува суштината на *процесот на комуникација* преку истакнување на структурата и текот на комуникацијата, користејќи притоа низа на графички решенија кои ќе им овозможат на консументите јасност, прегледност за текот, суштината на истата; елаборира за различните *видови на комуникација*, критериумите кои се имаат предвид при нивното идентификување; говори за разновидноста на *средствата за комуникација*, нивната специфичност, функција; *нивоата на комуникација* резултанта на комуникациската согласност помеѓу актерите во комуникацискиот процес, согласност од која зависи и успехот на процесот.

Оваа глава, како и наредната, завршува со *прашања и задачи*, наменети за консументите на овој учебник со функција на евалуатор на стекнатите сознанија при негово консумирање.

**Втората глава** од учебникот носи наслов *Педагошка комуникација*. Во истата, авторката, повторно користејќи го принципот на системност и постапност нè води низ различните потпоглавја, во кои јасно и егзактно ги разработува комплексните прашања поврзани со педагошката комуникација т.е. прашањето за идентификација на конкретниот поим „таа е процес на пренесување, соопштување, излагање, примање односно размена на пораки и процес на создавање на односи, меѓусебно разбирање и начин на однесување меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во целост*;* идентификувањ*е на* нејзините специфични димензии (прекомуникативна; денотативни и конотативна; симболичка; персонална; трансакциска и едукативна); определбите за функциите на педагошката комуникација, презентирани бројни и разновидни, што уште еднаш говори за аналитичко-синтетичкиот пристап на авторката, проучувањето на бројни извори поврзани со оваа проблематика, т.е. истакнување на информативно-когнитивната, сознајната, интеракциско-афективната, емоционалната, експресивната, регулативната, нормативната, перцептивно-дијагностичката, контролирачката, проективната, актуелизирачка, корективна функција на педагошката комуникација, функции кои произлегуваат од нејзината суштина.

Комуникацијата во воспитно-образовниот процес, т.е. процесот на социјална комуникација, нејзиниот тек во неколку правци, нејзината ефикасност, дејствување кое поаѓа од воспитно-образовните цели и задачи, со посебен акцент на афективните цели (ставови, емоции и вредности), низата на активности во процесот на наставата од клучните актери во и низ кои се одвива процесот на комуникација се презентирани во третото потпоглавје.

Идентификацијата и објаснувањата за карактеристиките, однесувањето, стилот, кој го имаат различните *фактори за успешна педагошка комуникација* т.е. наставникот/воспитувачот, кој е и треба да биде педагошки уметник, во кого се синтетизирани креативноста на уметникот и оригиналноста на научникот, *ученико*т - личноста со права, цели, вредносни ориентации, чувства, наклонетост и сопствени ставови кон светот и животот (субјект), *родителите* - кои се живи примери како ученикот да се однесува и контактира со другите, се елаборираат во четвртото потпоглавје.

Авторката нè застанува овде, туку разработува уште неколку клучни комплексни проблеми значајни за длабинско проучување, увид во педагошката комуникација. Значењето и улогата која ја има *емпатијата* како процес на сочувствување и соживување, при идентификацијата со ученикот, заемното разбирање меѓу наставникот и ученикот; значењето и улогата на *интеракциската поврзаност во комуникацијата во воспитно-образовниот процес* изразена низ наставните содржини, значењето на *комуникациска интеракција* како фактор за градење стратегија за недирективна комуникација; мотивираноста во воспитно-образовниот процес, различните средства за поттикнување, значењето и улогата која ја има повратната информација, детално објаснети и обработени, исто така говорат за сериозниот пристап на авторката во идентификација на параметрите за успешна и квалитетна педагошка комуникација.

Соодветен простор и објаснување авторката нуди и за *дидактичкото обликување на воспитно-образовниот процес и комуникацијата*. Имено, авторката упатува на тоа дека комуникацијата помеѓу ученикот и наставникот во наставата, која е субјективен продукт на нејзините учесници кои на тој начин ја манифестираат својата оригинална човекова природа е димензионирана од примената на разновидни социолошки форми, применети наставни методи, тип на часот, применети наставни стратегии, наставните средства.

Авторката ги елаборира и прашањата поврзани со *развивањето на културата на комуникацијата* идентификувана *како* севкупност од вештини за: набљудување и разбирање на луѓето; помагање и посветување внимание (точна и недвосмислена комуникација) и решавање на проблеми и конфликти, различните стилови на култура на комуникација*, комуникациските компетенции* и понудата на техники за градење и нивно јакнење*,* како и различните *бариери и конфликти* на кои се наидува при нејзиното одвивање и нуди низа препораки за нивно надминување.

*Карактеристиките на ефикасната педагошка комуникација и градењето на ефективна комуникација* се последниот наслов во овој втор дел од книгата. Покрај идентификувањето на елементите на ефективната комуникација, авторката нуди и модел како може да се подобрат комуникациски способности до степен на компетенции.

Презентираните 221 библиографски референци во *Користена литература* упатуваат на сериозниот научен пристап на авторката во елаборирањето на комплексните прашања за комуникацијата, педагошката комуникација.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот „Педагошка комуникација“ од проф. д-р Снежана Мирасчиева претставува самостојно, автентично дело, резултанта на долгогодишното искуство на авторката како научен работник, во кое на јасен и разбирлив начин ни е презентиран научен материјал со висок квалитет, преку кој се нудат можности за стекнување, проширување и продлабочување на знаењата за комуникацијата, педагошката комуникација.

Истиот е модел на универзитетски учебник во кој се сублимирани факти и сознанија за проучуваниот проблем. Приложените содржини се презентирани според логично утврден редослед, напишани на оригинален начин, солидно разработени, кореспондентни со современите тенденции во оваа област. Покрај теоретските знаења истиот нуди и практични знаења потребни за успешна реализација на воспитно-образовната практика во воспитно-образовните институции.

Учебникот со содржините кои ги нуди овозможува постигнување на компетенциите на студентите на Факултетот за образовни науки, предвидени како во предметната програма Педагошка комуникација, така и во севкупните студиски програми на истоимениот факултет. Консумент на рецензираниот учебник, инспиративен за секого, може да биде поширока популација заинтересирана за проучување на едно од фундаменталните педагошки прашања, прашањето за комуникацијата, но и сите интересенти за развојот на индивидуата и општеството во целост.

Истиот отвора нови хоризонти, нуди идеи, податливи за идни проучувања и истражувања во оваа област.

Ракописот на трудот „Педагошка комуникација*“* од проф. д-р Снежана Мирасчиева е автентично научно дело, пример за научен пристап кон актуелната проблематика. Се надеваме дека истиот ќе придонесе за збогатување на депозитот на научни изданија.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ракописот со наслов „Педагошка комуникација“ – учебник од проф. д-р Снежана Мирасчиева да го прифати за објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, редовен професор, с.р.**
**Д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „МОТОРИЧКИ РАЗВОЈ ВО РАНО ДЕТСТВО" ОД ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ПОПЕСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1602-135/4 од 30.11.2022 год., на 78. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 30.11.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јован Јовановски, Факултет за физичко образование, спорт и здравје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, професор во пензија;
- д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МОТОРИЧКИ РАЗВОЈ ВО РАНО ДЕТСТВО"** од д-р Билјана Попеска, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Моторички развој во рано детство" претставува структурирана и заокружена целина, пишувана согласно со Наставната програма по предметот Моторички развој во раното детство. Овој предмет како изборен предмет го изучуваат студентите на прв циклус студии на насоката Предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки. Истиот се изучува во втора година на студии, IV семестар, со фонд на часови 2+1+1. Учебникот содржи материјал кој во целост ја следи наставната програма. Во него логички и постапно се распоредени содржини, врз основа на кои согласно со предметната програма се изведуваат теоретски предавања и вежби. Концепцијата и структура на учебникот „Моторички развој во рано детство" постапно ги насочува студентите кон утврдување на сознанијата за предметната материја, како би можеле соодветно да одговорат на испитните и предметните барања. На овој начин, во целост се овозможува реализирање на барањата и целите на студиската програма.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е структуриран во шест тематски целини кои ја следат структурата на предметната програма. Во рамките на секоја целина се понудени соодветен број на поглавја, потпоглавја во кои авторката дава целосен и детален приказ, разработка на комплексните прашања, на начин разбирлив, јасен за идните консументи. Содржините од ракописот се претставени на вкупно 127 страници во А4 формат, пишуван на македонски јазик, со проред 1, со употребен фонт на букви Arial и големина на букви 11, поткрепен со слики, графикони и табели кои ќе помогнат во доближување и поедноставување на материјата до студентите, како и со соодветни прилози во функција на дообјаснување на содржината, предлог насоки/идеи за понатамошни истражувања во областа моторички развој, како и 132 библиографски референци.

Сметаме дека обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Креирањето на учебникот е резултанта на реалната потреба од создавање на учебник по предметот Моторички развој во раното детство. Во нашата земја не постојат учебници со истоимениот наслов, па оттаму и потребата, се разбира и значењето на учебник со ваков наслов, не само за идните студенти, но и за сите засегнати лица за растот и развојот, пред сè моторичкиот, за децата од предучилишна и раноучилишна возраст.

Учебникот е пишуван на оригинален начин, систематски е дизајниран, со почитување на правилото од познато кон непознато, од едноставно кон сложено, што води кон полесен, јасен начин во стекнување, проширување, продлабочување на сознанија од истиот. Авторката во учебникот нуди содржини кои ќе им овозможат на студентите да ги интегрираат и нотираат теоретските сознанија и практичните искуства, стекнати не само од овој, но и од другите наставни предмети и истите ќе можат да ги искористат во нивната понатамошна работа.

Учебникот „Моторички развој во раното детство“ ја следи структурата на предметната програма за предметот Моторички развој во раното детство за кој е наменет. Сублимат е на солидното познавање на изложената материја, резултанта на долгогодишната научна, наставна и истражувачка дејност на авторката. Цениме дека обработениот материјал во учебникот се одликува со оригиналност, јасност, концизност и голема практична значајност. Сметаме дека истиот е значаен не само за студентите, туку и за воспитувачите, наставниците, за сите останати субјекти кои имаат интерес за оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Програмата од предметот Моторички развој во раното детство е земена како појдовна основа во креирање на структурата на учебникот „Моторички развој во рано детство“. Истиот ќе има значајно место и улога во оспособување на сегашните и идни воспитувачи, наставници, педагози, не само во разбирање на моторичкиот развој на децата од предучилишна и раноучилишна возраст, но исто така и во преземање на соодветни активности за негово унапредување. Пишуван е на јасен, едноставен, разбирлив македонски јазик.

Концепциски и содржински текстот во учебникот е структуриран во шест тематски целини, кои постапно го водат консументот во сознајниот процес.

Во првата тематска целина, насловена како *Општи карактеристики на растот и развојот*, опфатени се лепеза на прашања поврзани со растот и развојот на децата во предучилишна и рана училишна возраст, нивните особености и карактеристики, како и развојните промени низ различните развојните периоди во животниот век. Авторката постапно нѐ воведува во проблематиката преку објаснување на основните поими, односно идентификација на термините раст, созревање и развој; теоретските претпоставки и теории за развојот, законитостите во развојот, факторите кои влијаат врз развојот, како и неговите особеностите како што се мултидимензионалност, мултидисциплинарност, условеност од интеракцијата со биолошките, социокултуролошките и индивидуалните фактори. Имајќи ја предвид комплексноста на промените во различните возрасни периоди, дадена е периодизација на човековиот развој во тек на целиот животен век, со посебен акцент на детството како предмет од посебен интерес во овој учебник

*Карактеристики на развојот на децата во предучилишна и рана училишна возраст* е насловот на втората тематска целина. Во неа авторката ја истакнува комплексноста на развојот, ја нагласува потребата од познавање на спецификите на развојните промени во различни возрасни периоди. Детално се разработени развојните промени во однос на физичкиот раст и биолошкиот развој, како и промените во доменот на моторичкиот развој, когнитивниот и социо-емоционалниот развој. Со цел креирање на комплетна слика за специфичните развојни процеси и промени, авторката детално ги разработува карактеристиките на сите развојни домени во рамки на различните периоди од детството, конкретно периодот од раѓање до 2-годишна возраст, од 2 до 6-годишна возраст и од 6/7 до 10/11-годишна возраст. Тргнувајќи од спецификите на промените, физичкиот раст и биолошкиот развој, се разгледуваат од аспект на севкупниот период, периодот на детството. Анализирани се промените во скелетниот, мускулниот систем, системот за дишење, кардиоваскуларниот и нервниот систем и промените кои се случуваат во сите овие системи, како резултат на возраста на децата и импликациите од аспект на физичката активност. Промените во моторичкиот, когнитивниот и социо-емоционалниот развој се анализирани во рамките на трите претходно наведени периоди. Притоа, детално се разработени спецификите во секоја возраст со акцент на она што децата го можат и што се очекува од нив во конкретна возраст. Покрај наведените специфики во развојот, на крај на секој развоен период, презентирана е сублимирана анализа за очекувањата и постигнувањата на децата, како и импликациите на развојните промени од аспект на

вклучувањето во различни форми на физичка активност и ефектите кои таа активност ги има врз здравјето на децата. Вака сумираните заклучоци за секој развоен период во суштина даваат одговор на прашањето што можат децата на дадената возраст да направат и што можеме да постигнеме со нив. Во функција на јасна слика и подобар увид во теоретската разработка, авторката презентира бројни илустрации, графикони, табели.

Третата целина *Моторички развој* претставува продлабочена и детална анализа на сите аспекти на моторичкиот развој, неговите особености и карактеристики. Почнувајќи од теоретските претпоставки за моторичкиот развој и пристапите во проучувањето на истиот, се навлегува во суштината на моторичкиот развој. Во тој контекст, особено важно е истакнувањето на фазите во моторичкиот развој, динамиката на јавување на основните движења и различните аспекти на моториката, вклучувајќи ги латерализацијата и доминантната латерализираност, визуелната сензација, фината и грубата моторика. Наведените аспекти од развојот се објаснети на едноставен и разбирлив начин, надополнети со примери и активности кои овозможуваат подобро разбирање и меморирање на секој наведен аспект. Како надополнувањето на презентираните сознанија, авторката понудува и резултати од истражувања од понов датум, со што овозможува добивање на комплетна слика за моториката и моторичкиот развој и неговите импликации врз севкупниот развој на децата како примарна цел и основен приоритет.

*Фундаментални движечки вештини* е насловот на четвртата целина. Во неа авторката ги разработува базичните движечки вештини како основно средство за подобрување на моториката кај децата и влијанието врз севкупниот развој, како и нивната улога како фундамент за натамошен развој и усвојување на бројни движечки вештини, вклучување и селекција во професионален спорт. Во истата, детално се разработени локомоторните, нелокомоторните и манипулативните вештини, генезата на нивно појавување и развој, како и примери на бројни активности и подвижни игри наменети за развој на конкретна движечка вештина или усвојување на бројни движечки навики и елементи од спортови. Во рамките на оваа целина, разработени се различните форми на одење, трчање, скокање, ползење, качување, тркалање, фрлање, фаќање, додавање и сл.

Предмет на анализа на петтата глава се *моторичките способности* кои заедно со фундаменталните движечки вештини се двигатели на моториката и моторичкиот развој. Во тој контекст, покрај генералните карактеристики на моторичките способности, детално се разработени снагата, брзината, координацијата, рамнотежата, флексибилноста и прецизноста. За секоја моторичка способност е дадена определба, односно теоретско дефинирање, поделбите во рамките на секоја способност, коефициентот на наследност, начините на следење и мерење на постигнувањата. Посебен акцент е ставен на формите и начините за подобрување на секоја од моторичките способности и нивна идентификација во содржините во рамките на програмите по физичко воспитание во предучилишната и раната училишна возраст.

Во последната шеста глава од учебникот, авторката ги анализира *моторичките навики* и нивното усвојување преку процесот на моторичко учење. Во таа смисла, авторката прави јасна дистинкција на поимите моторички навики, моторички умеења, како и анализа на процесот на моторичко учење. Разработени се фазите на стекнување на моторички навики, надополнети со примери од пракса кој даваат појасна слика на целиот процес и секоја фаза одделно. Преку анализата на процесот на моторичко учење, се посветува внимание на важните претпоставки за успех на едно моторичко учење, како и неговите специфики споредено со когнитивното учење.

Понудениот ракопис, со систематичниот пристап во креирање на содржините, доследност во начинот на нивната разработка, ќе овозможи лесно усвојување на предвидената наставна материја и нејзината апликација понатаму во воспитно-образовниот, наставниот процес. Естетското обликување на текстот, поткрепено со лепеза на илустрации, графикони, веруваме уште повеќе ќе го привлече вниманието на консументите. Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Понудениот ракопис **„***Моторички развој во рано детство*" е самостојно, автентично, оригинално дело на авторката, проф. д-р Билјана Попеска, базирано на долгогодишна наставна, научноистражувачка работа во оваа област.

Согласно со структурата на материјалот, концизноста и јасноста на стилот на пишување, логичност во изнесувањето на содржините, како и посочените извори и ресурси, упатува на учебник, кој по наше видување ќе им овозможи на студентите да стекнат соодветни теоретски знаења, но и практични искуства кои понатаму ќе можат да ги применат нивната секојдневна наставна работа, но и во изучувањето на останатите предметни дисциплини. Истиот, со оглед на понудените резултати, видувања на проблемот може да биде водилка за понатамошни истражувања во областа на моторичкиот развој

Сметаме дека овој материјал ќе им биде од голема полза не само на студентите на насоката Предучилишно воспитување на Факултетот за образовни науки, но и на студентите, наставниците од одделенска настава, педагозите, како и на сите засегнати страни за моторичкиот развој на децата од предучилишна и рана училишна возраст. Истиот ќе даде значаен придонес во збогатување на научната литература во нашата и пошироката академска средина. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му предложиме учебникот „Моторички развој во рано детство" од проф. д-р Билјана Попеска да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јован Јовановски, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Снежана Јованова-Митковска, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ ЗА МЕТАБОЛНИ НАРУШУВАЊА”, НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФ. Д-Р ДАНИЈЕЛА ЈАНИЌЕВИЌ-ИВАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2002-285/21 од 288. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 21.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
- Д-р Зорица Арсова-Серафиновска, редовен професор, Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„**Лабораториски анализи за метаболни нарушувања**”** од насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска**,** наменет за студентите од трета година, прв циклус на студиска програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Ракописот со наслов **„**Лабораториски анализи за метаболни нарушувања” од насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска е наменет за стекнување на знаења на студентите од трета година, прв циклус за студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Ракописот е во согласност со планот и програмата на истоимениот предмет кој се слуша во III година (VI семестар), зависно од акредитираната програма со број на часови (2+0+1) 2 кредити, изборен предмет за студиската програма Медицински лаборанти.

Ракописот е напишан на македонски јазик, едноставен и разбирлив за студентите. Содржината е поделена на предговор и четиринаесет тематски единици. Составен дел од ракописот е и содржината на целиот материјал поставена на почеток, како и литература и биографија на крајот од ракописот. Содржи информации за најчестите стекнати и вродени метаболни нарушувања, лабораториски анализи за дијагностицирање, како и начинот на исхрана односно промена на животниот стил. Поради тоа е погоден не само за работа за студентите во трета година од прв циклус на студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, туку може да се користи и за други сродни предмети кои ги проучуваат студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Исто така, одбрани тематски единици на овој ракопис се наменети и за студентите од втор циклус студии кои се на специјализација од областа медицински науки.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Податоци за обемот на ракописот: Ракописот е образложен во текст од вкупно 331 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 14 методски единици, распоредени во согласност со Наставната програма. Соодветно и правилно се цитирани 263 референци, истите наведени во поглавјето Литература. Ракописот е поткрепен со 5 табели, 59 слики од кои повеќето оригинални и со шематски прикази за подобро

разбирање на стекнатите и вродените метаболичките заболувања. Обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови за предавања предвидени за соодветниот предмет на Факултетот за медицински науки, како и според одредбите на Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Ракописот е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светски простори.

Постоечките ракописи не се пронајдени, односно не поседуваат доволно опсежно и детално разработени теми со кои студентите се сретнуваат со теоретски и визуелни предавања за студиската програма на медицински лаборанти.

Авторката на јасен и едноставен начин, со разбирлив стил на ракописот, сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија на новите техники на испитувања и дијагностицирања на голем број метаболни нарушувања, со коешто се потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

Краток опис на содржината**:** Во овој учебник се објаснети четиринаесет тематски единици во кои се образложени современите испитувања на лабораториските анализи и докажувања на нарушувања на метаболните процеси.

Во првата тематска единица Вовед на овој ракопис, авторката накусо дава осврт за читателот за основните принципи на метаболниот синдром. Ја објаснува дефиницијата на метаболен синдром кој претставува збир од ризик фактори кои ја зголемуваат можноста за развој на кардиоваскуларните заболувања, мозочен удар и дијабетес. Го опишува превентивниот третман кој води до намалување на ризикот од компликации, значајноста на превенцијата која всушност е осврт кон причините кои довеле до нарушување – нездравата исхрана и лошите животни навики. Понатаму, авторката го потенцира метаболното нарушување како сериозен здравствен проблем, кој зафаќа 35% од возрасната популација.

**В**тората тематска единица е наменета за запознавање на студентите лаборанти за основните принципи и значајноста на метаболизмот. Авторката ја опишува дефиницијата на метаболизмот кој, всушност, претставува севкупност од биохемиските реакции во клетките на организмот на човекот, каде што непрекинато се одвиваат огромен број хемиски реакции. Авторката го објаснува значењето на анаболизам каде што се синтетизираат протеини, шеќери, масти и катаболизам, при што се ослободува енергија делумно во форма на топлина, а делумно како хемиска енергија (ATP) што клетката понатаму ја користи во анаболизмот.

Во третата тематска единица со наслов Метаболни заболувања авторката ја потенцира важноста за разбирање на терминот метаболни нарушувања, метаболизам на јаглени хидрати, протеини и липиди, што доаѓа до влошување на здравствената состојба, појава на различни болести и компликации. Авторката наведува дека некои метаболни болести можат да бидат стекнати во текот на животот или наследени од родителите. Најбитно, кај сите метаболни болести и нарушувања е навремено забележување на симптомите и нивно рано дијагностицирање. Опишани се компликации и третмани на метаболните заболувања кои се предизвикани и од исхраната и други фактори кои доведуваат до животно загрозувачка состојба. Во понатамошното објаснување авторката го истакнува суштинското значење на метаболизмот на разградување на храната: протеините се разложуваат на аминокиселини, јаглехидратите до прости шеќери и мастите во едноставни липидни молекули. Метаболни нарушувања се јавуваат кога овие процеси на разделување и асимилација на компонентите на храната се нарушени поради некоја причина.

Во четвртата тематска единица се опишува метаболното нарушување на јаглехидрати со опис на класичните и најсовремени методи на испитувања на глукозата, како и последиците од патолошките вредности и заболувањето Diabetes mellitus. Посебен осврт е даден и на значењето на дијагностичката вредност на HbA1c која се користи за квантитативна проценка на просечната глукоза во текот на периодот, усогласена со животот на еритроцитите.

Објаснето е и делувањето на инсулинот и инсулинската резистенција како важен дел од дијагностиката на генетските метаболни нарушувања на јаглехидрати. Авторката го истакнува метаболното заболување каде што доаѓа до нарушување на метаболизмот на јаглени хидрати и развој на дијабетес тип XNUMX, наследна болест во која панкреасот не произведува доволно инсулин за одржување на балансирано ниво на шеќер во крвта. Постојат многу примери на наследни метаболни нарушувања кои можат да се класифицираат според видот на супстанцијата со која се поврзани. Наследни причини за метаболни нарушувања вклучуваат нарушувања на јаглени хидрати - дијабетес инсипидус, наследна нетолеранција на фруктоза, галактоземија, нарушувања на метаболизмот на пируватот, фон Гиркеова болест, Помпеова болест.

Во петтата тематска единица се опишани метаболни нарушувања со акумулација на липиди во крвта, абдоминална дебелина, гојазност. Авторката во понатамошниот текст ги истакнува липидите, како едни од основните биохемиски параметри кои се испитуваат за општата состојба на организмот и ризик-факторот од нивната патолошка вредност, при што предизвикуваат метаболни нарушувања кои се стекнуваат во текот на целиот живот. Авторката го опишува примерот со метаболичкиот синдром, со раното дијагностицирање и промените во животниот стил кои честопати можат да помогнат во избегнување на стекнување на сериозни последици. Се потенцира ензимската активност која ги регулираат метаболните патишта, рецепторите кои ги перципираат информациите и ги пренесуваат до клетките. Оваа промена во активноста ги опишува наследните причини за метаболните нарушувања - Гошеова болест која се карактеризира со отсуство на ензимот глукоцереброзидаза, односно дефекти во оксидацијата на масните киселини, Ниман-Пик болест, Фабри болест и недостаток на ацил-коензим А дехидрогеназа.

Во шестата тематска единица од ракописот се опишува дијагностичкото значење на протеините, како и анализите за нивно одредување. Посебен акцент е ставен на наследните метаболни заболувања на протеините кои се предизвикани од нарушувањата на аминокиселините. Авторката наведува одличен пример за наследно метаболичко нарушување - фенилкетонуријата кое се карактеризира со неможност да се разложи еден од градбените блокови на протеинот, аминокиселината фенилаланин, Генетските информации пренесуваат нарушувања на аминокиселините - Теј-Саксова болест, тирозинемија, уринарна болест од јаворов сируп и хомоцистинурија.

Од особена важност во оваа тематска единица е потенцирањето на нарушувањето на ацидобазната рамнотежа, каде детално е обработена ацидозата и алкалозата, кои се од суштинско значење за состојбата на организмот.

Во седмата тематска единица се опишани важноста на одредувањето на водата и минералните соли во организмот како микро и макроелементи, кои се од витално значење и нивен недостаток доведува до метаболни нарушувања. Но, честопати страдаат неколку врски на метаболизмот, вклучително и хомеостазата на вода-сол и хормоналните нивоа, што предизвикува сложени хормонално-метаболички патологии.

Во седмата тематска единица се опишани и одделни витамини кои се испитуваат во биохемиските лаборатории, како и нивно значење при внесување со исхраната и нивен придонес при надминување на компликациите кои настануваат со метаболните нарушувања.

Со особена важност авторката во осмата тематска единица детално го опишува нарушувањето на коскениот метаболизам и настанување на остеопорозата, при што доаѓа до намалување на густината на коскената маса која е предизвикана од нарушен метаболизам на калциум, фосфор, витамин д и други. Авторката укажува на важноста на одредување на специфичните анализи што претставуваат основен предуслов за навремено добивање на релевантни резултати што се од голема важност при дијагностицирање и поставување на конечната дијагноза. Инаку, авторката ги истакнува и исхраната и стилот на живеење, кои се причинители сѐ повеќе за развивање на остеопороза која станува голем глобален здравствен проблем во светот. Укажува дека со промена на навиките во исхраната и начинот на живот можат да помогнат во градењето на цврсти коски и нивно одржување со стареењето.

Во деветтата тематска единица се опишани заболувања предизвикани од нарушен метаболизам на железо. Авторката истакнува дека при дефицит на железо постои ризик од развивање на анемија, состојба во која црвените крвни клетки не можат да го пренесат кислородот до сите клетки во организмот. Железото го истакнува како неопходен елемент за многу биохемиски процеси во метаболизмот на човекот. Авторката го истакнува метаболичкото заболување – хемохроматозата кое е предизвикано од генетска абнормалност што предизвикува цревата да апсорбираат премногу железо, што доведува до **вишок на железо во организмот. Исто така**, **обрнува внимание во понатамошниот текст на метаболитичкото заболување -** порфиријата, што претставува група генетски детерминирани патологии од најмалку осум различни болести наследни или стекнати, кои се манифестираат со нарушување на синтезата на хем и акумулација на неговите токсични соединенија во човечкото тело. Од посебна важност авторката ја истакнува исхраната која се применува кај овие заболувања и придонесуваат за намалување на последиците од заболувањата.

Во десеттата тематска единица е опишано значењето на функционалната медицина насочена кон индивидуален пристап во лекување на секој пациент. Се потенцира разгледувањето на индивидуата во целост, земајќи ги предвид сите аспекти на живот. На тој начин ја следи поврзаноста на сите системи во организмот и здравјето, се разгледува како виталност и постоење на рамнотежа помеѓу сите внатрешни и надворешни фактори, како и влијание на средината, а не само како отсуство на болеста.

Во единаесеттата тематска единица е опишана значајната улогата на микрофлората на цревата при употреба на различни медикаменти, антибиотици, пробиотици како резултат на надминување и превентивна терапија кај метаболните заболувања.

Во дванаесеттата тематска единица е опишано негативното влијание на алергените, што ја влошуваат состојбата на постоечките метаболни нарушувања кај индивидуите. Со дијагностицирањето и лекувањето на алергенските состојби се истакнува големиот напредок и олеснување на напредокот за метаболните нарушувања.

Други фактори кои делуваат на надминување и ублажување на развитокот и текот на метаболните нарушувања, авторката ги истакнува во посебна тринаесеттата тематска единица. Тука се опишани и хроничните воспалителни состојби кај овие пациенти.

Во четиринаесеттата тематска единица, авторката детално ја разработува и опишува хранливата вредност на овошјето и зеленчукот, како примарна природна терапија во надминување на заболувањата. Консумирањето на здрава избалансирана храна е од особено суштинско значење за функционирањето на метаболизамот. Разноликоста на хранливата вредност на намирниците, препораки и примена на различни типови диети, претставува голем чекор кон спречување на метаболичките нарушувања и болести.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот „Лабораториски анализи за метаболни нарушувања" од насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска ги опфаќа сите содржини од теоретски аспект, според Наставната програма и содржина на предметот Лабораториски анализи за метаболни нарушувања за студентите во трета година, прв циклус на студиската програма Медицински лаборанти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Со издавање на овој ракопис студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал со најновите достигнувања од оваа област, за теоретска настава во соодветен обем на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, ракописот „Лабораториски анализи за метаболни нарушувања" од насловен вонреден проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска да биде издаден како учебник за студентите во трета година, прв циклус, за студиската програма Медицински лаборанти на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ИМУНОЛОГИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р СОТИРИЈА ДУВЛИС, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр. 2002-285/25 од 288. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 21.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Александар Петличковски, вонреден професор на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
- д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова, вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за издавање на учебно помагало – скрипта **„Имунологија”** од **доц. д-р Сотирија Дувлис**, наменет за студентите од интегрираниот прв и втор циклус студии на Општа медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Општи податоци за ракописот: Наслов на учебното помагало „Имунологија”. Наслов на предметот: Имунологија, со неделен фонд на часови 2+1+1, четврти семестар, студиска програма Општа медицина, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Име и презиме на авторите на трудот: доц. д-р Сотирија Дувлис.

Приложениот ракопис е дел од годишниот план и програма за издавачка дејност на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, усвоен за издавање во 2022 година. Приложениот ракопис за рецензија е во согласност со наставната програма за предметот Имунологија и ја опфаќа наставната содржина предвидена во студиската програма за која е наменет, а може да се користи и од студентите на други студиски програми кои го слушаат овој предмет.

Податоци за обемот на ракописот: Ракописот се состои од 191 страница во А4 формат, поделени во 15 поглавја, со наведени прилози, односно 131 слика и 30 табели. Презентираните табели и слики прегледно ги прикажуваат најважните компоненти од секое поглавје од наставните единици на овој предмет. Во делот за користена литература цитирани се 23 референци од релевантни извори, актуелни во областа и сè до најнов датум. Според обемот на содржината, соодветно на фондот на часови, ги задоволува критериумите за објавување на рецензирана скрипта во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” и овозможува комплетно покривање на предметната програма.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: **Н**а Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на е-библиотека, нема објавено учебно помагало со ваков или сличен наслов. Во државата, според наше знаење, постои превод на учебникот на англиски јазик „Кјуби имунологија“ кој ја третира оваа научна област. Презентираното учебно помагало одговара на предметната програма по предметот Имунологија на студиската програма Општа медицина, акредитирана на Факултетот за медицински науки и како такво ќе биде важна литература наменета за студентите. Во скриптата на кратко се сумирани најважните податоци од секоја од темите што ги

опфаќа имунологијата како медицинска дисциплина. Во скриптата се изнесени и голем број актуелни новини од развојот на оваа дисциплина и тоа преку консултирање на нови неодамнешно објавени библиографски податоци и понови изданија на ревидираните учебници за имунологија.

Краток опис на содржината: Ракописот обработува содржини кои се поделени во петнаесет целини.

Скриптата започнува со кратка содржина која ги опфаќа сите теми и поттеми за информирање на студентите, по што следи краток предговор. Во него се истакнува важноста на имунологијата како модерна медицинска дисциплина и нејзината намена. По предговорот е даден краток вовед во кој се објаснети накратко историските почетоци на оваа дисциплина и значењето на имунологијата за современата медицина и не само како научно, туку и како апликативно поле. Скриптата е поделена на два дела, првиот е општ дел од имунологијата кој ги опфаќа општите поими, дефиниции, механизми на остварување на имунолошките реакции како и молекулите, клетките и органите кои се вклучени во функционирањето на овој сложен систем. Вториот дел е специјален дел кој ги опишува имунопатолошките механизми и болести поврзани со несоодветното функционирање на имунолошкиот систем.

Општиот дел се состои од 11 поглавја.

***Во првото поглавје*** *Краток преглед во имунологијата* авторката дава краток преглед во имунологијата во кој накратко се опишани сите понатамошни поглавја со сумирање на најважните обележја.

***Второто поглавје*** *Хематопоеза* ја опишува хематопоезата како процес во кој настануваат имунолошките клетки, факторите кои се вклучени во нивната диференцијација и важноста на матичните (стем) клетки од медицинска перспектива.

***Третото поглавје*** *Клетки во имуниот систем* ги опишува подетално сите клетки од имунолошкиот систем, вклучувајќи ги и клетките од миелоидната и од лимфоидната линија, со сите нивни карактеристики, експресијата на површински молекули, место на наоѓање и најважната нивна функција.

***Четвртото поглавје*** *Вроден имунитет* го опишува вродениот имунитет, неговите карактеристики во однос на времето и местото на неговото функционирање и вклученоста на имунолошките клетки и растворливите непроменливи компоненти. Во овој дел се опишани и главните механизми преку кои вродениот имунитет ја остварува својата функција - фагоцитозата, цитотоксичноста, миграцијата на леукоцитите и молекулите кои се важни за остварување на овие процеси (клеточните атхезивни молекули, рецепторите за препознавање на обрасци и антимикробните или микробицидни молекули).

***Петтото поглавје*** *Антигени, епитопи, антигеност и имуногеност* ги опишува поимите - антигени, имуногени, епитопи и нивни видови. Опшани се и факторите кои влијаат на имуногеноста на еден антиген, како и карактеристиките на епитопите за различните Т и Б клеточни рецептори.

***Шестото поглавје*** *Антитела* ги опишува антителата, нивната градба, структурата, карактеристиките и поделбата. Во ова поглавје детално е опишано значењето на секој сегмент од имуноглобулинскиот молекул и неговата функција во остварување на имунолошкиот одговор. Објаснета е и поделбата и функцијата на одделните класи на антитела. Во составот на ова поглавје е опишана и генетската организација на имуноглобулинските гени. Прикажана е нивната важна улога во кодирање на компонентите на антителата и настанувањето на разноличието на антителата зависно од имуноглобулинското преуредување.

***Седмото поглавје*** *Фази во развој на Б лимфоцити* ги објаснува подетално фазите на развој на Б лимфоцитите, од антиген независната, до антиген зависната фаза. Опишано е значењето на коскената срцевина како примарен лимфоиден орган и секундарните органи каде што настанува афинитетното зреење на лимфоцитите одговорни за продукција на ефективни антитела.

***Осмото поглавје*** *Цитокини* ги опишува цитокините, нивната поделба, значење и имунолошка улога во имуномодулацијата. Објаснети се најглавните карактеристики на одделните циоткини, како и значењето, градбата и поделбата на нивните рецептори.

***Деветтото поглавје*** Т клеточен рецептор (TCR), видови и градба и ***десеттото поглавје*** Хуман леукоцитен антиген (HLA) и градба на МНС молекулите ги објаснуваат карактеристиките на Т клеточните рецептори, градбата и гените кои ги кодираат овие рецептори и значењето на HLA системот последователно. Истакната е улогата на HLA во модерната медицина, како и  градбата и поделбата на МНС молекулите кодирани од овие гени и нивната улога во презентација на антигените.

***Единаесеттото поглавје*** *Комплемент* се однесува на системот на комплементот, како дел од вродениот имунолошки одговор и неговата функција. Презентирани се компонентите на овој систем со поединечно објаснување на нивните функции и објаснети се патеките за активацијата на оваа важна гранка на имунолошкиот систем. Покрај објаснувањето на компонентите на овој систем, ова поглавје ги прикажува и механизмите за регулација на системот на комплементот, како и значајноста на болестите поврзани со неговото несоодветно функционирање.

Вториот дел се состои 4 поглавја во кои се вклучени имунопатолошките механизми и состојби.

***Дванаесеттото поглавје*** *Преосетливост* ги објаснува механизмите на настанување на реакциите на пречувствителоност и поделбата на овие реакции зависно од природата на механизмот на настанување и времето на нивната манифестација. Опишани се и болестите кои се поврзани со овој тип на имунолошки реакции.

Во ***тринаесеттото поглавје*** *Автоимунитет и имуна толеранција* авторката ги опишува механизмите за настанување на автоимунитет и механизмите за одржување на самотолеранција на имунолошкиот систем, како и болестите кои имаат автоимуна природа.

**Четиринаесеттото поглавје** *Имунодефициенција* ги опишува најчестите имунодефицитни состојби резултат на генетски мутации и недостатоци, т.е., опишани се примарните и секундарните имунодефициентни состојби, точната причина за нивното појавување и клиничките манифестации.

Во последното ***петнаесетто поглавје*** *Имунитет и канцер* е даден краток осврт на значајноста на имунитетот во борбата против малигните болести, механизмите со кои малигните клетки го избегнуваат имунолошкиот одговор и современите имунолошко-базирани приоди во третман на малигните заболувања.

Скриптата завршува со преглед на литература во која се вклучени понови изданија на учебниците за имунологија и нови објавени студии кои истакнуваат актуелни сознанија во областа.

## З А К Л У Ч О К

**Ракописот „Имунологија“ е наменет за студентите од студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки** и **се однесува на теоретската едукација на студентите од истоимениот предмет. Се очекува дека ова учебно помагало – скрипта ќе им помогне на студентите во запознавањето, совладувањето и систематизирањето на знаењата од оваа брзорастечка медицинска област.**

Предложениот ракопис за скрипта „Имунологија” на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира теоретските наставни поглавја, со што на студентите ќе им овозможи лесно, концизно и едноставно совладување на содржините по предметот. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбедат идните здравствени работници да се здобијат со базични познавања за основните компоненти на имунолошкиот систем, механизмите на неговото функционирање и состојбите кои настануваат како резултат на стекнати или вродени дефекти. Скриптата би можеле да ја користат и студентите од другите студиските програми на Факултетот за медицински науки, а понатаму и дипломираните студенти, како брз прирачник за потсетување.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го прифати ракописот со наслов „Имунологија” од доц. д-р Сотирија Дувлис и истиот да биде објавен како учебно помагало - скрипта во електронска форма за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Александар Петличковски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Даринка Ѓоргиева-Ацкова, вонреден професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФМН | 0206-728/5 од 10.11.2022 г. | „Клиничка евал**уација на различни блок техники на долниот алвеоларен нерв“**/ „Clinical evaluation of different block techniques of interior alveolar nerve“ | проф.д-р **Цена Димова**, интерен ментор<br><br>проф. д-р **Даниела Велеска-Стефковска**, екстерен ментор | **Арменд Реџепи** |